


# САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОЛАТЕРАЛИ - ОВЛАСТЕН ПРОЦЕНИТЕЛ

**Локација:** Скопје

**Работно време:** Полно работно време

**Сектор:** Дирекција за Стратешко управување со ризиците

**Оддел:** Служба за Управување со колатерали

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

- **обезбедена обука за работа**
- **континуирана обука и можност за кариерен развој**
- **приватно здравствено осигурување**
- **конкурентна плата и надоместоци**
- **мотивирачка организациска култура**
- **активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Изработува извештаи за процена за недвижен имот (машини и опрема, подвижни и/или транспортни средства) во согласност со утврдените процедури за работа, за потребите на Банката;

Врши увид на понудено и постоечко обезбедување за потребите на изработка на извештајот за процена;

Комуницира со клиентите, интерните и надворешните проценители, како и останатите служби во Банката во врска со прашања поврзани со обезбедувањето;

Спроведува редовен мониторинг и  репроцена на пазарната вредност на обезбедувањето;

Врши верификација на извештаи за извршени процени од страна на надворешни проценители;

## Кои квалификации се потребни

ВСС

Минимум 3 години работно искуство во релевантната област

Уверение за положен испит за проценувач од областа на недвижен имот  (дополнително уверение за положен испит за проценувач на машини и опрема, подвижни и/или транспортни средства ќе се смета за предност)

Возачка дозвола од Б категорија (активен возач)

Активно познавање на англиски јазик и работа со компјутер (МС Office)

Независност, интегритет, доверливост, лојалност и ориентираност кон тимска работа

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **21.06.2024** со назнака **„Апликација за САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОЛАТЕРАЛИ - ОВЛАСТЕН ПРОЦЕНИТЕЛ “**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!**